

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОЈУЗ НА ИЗВИДНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА

2022

Драги пријатели, извидници,

2022 година ќе биде запишана во нашата традиција како година во која се посветивме на јакнење на внатрешните капацитети на организација, телата и извидничките одреди во насока на одржлив раст. Со отпочнување на процесот на креирање на политика за возрасни во извидништвото, ставаме здрави темели за понатамошен развој на капацитетите на волонтерите и професионалците во рамките на организацијата.

Континуирано водиме грижа за безбедноста и сигурноста на членовите, преку зајакнување на процедурите за организирање на настани и јакнење на вештините на водачите, со што креираме сигурна средина за личен развој.

Програмата постојано се движи напред. Во 2022 година се започна Earth Tribe иницијативата која опфаќа активности и акции за заштита и обнова на животната средина и биодиверзитетот. Дополнително, преку боренка таргетираме обновување на опожарени подрачја и едукација, во соработка со институции и приватен сектор.
Започнавме концепт на развој на извидништвото преку соработка со училиштата реплицирајќи го успешниот модел на извидништво во воннаставни активности и продолжуваме со креирање на иницијативни групи за отварање на нови извидници одреди.

Сојузот на извидници на Македонија во 2022 година ги зголеми своите внатрешни капацитети на извршното тело кое работи во тесна врска со управните структури. Функционира како младинска организација во која млади креираат програми и можности за млади согласно принципот за младинско управување. Извршната канцеларија - секретаријатот го зголеми својот капацитет на 4 лица, а подоцна во годината и на 9 лица вклучени во дневните работни обврски.

Континуираниот внатрешен развој резултираше со зголемена оценка во поглед на GSAT евалуацијата од страна на светската извидничка организација, од 64% во 2016 година до 74,6% во 2022 година.

Сојузот успешно е раководен од управниот одбор кој во текот на 2022 година се состана во 10 пати. На состаноците се работи на креирање стратегии и насоки за функционирање на извршните тела, вклучувајќи го секретаријатот, Извидник ДООЕЛ во рамките на Извиднички центар Охрид и 13тата Македонска извидничка смотра закажана за 2023 година.

А 2023 година ќе биде уште поисполнета, поавантуристична и попривлечна за нашите членови, пријатели, поддржувачи, деца и млади. Заедно ќе го прославиме нашето 70 годишно активно делување во полето на неформалната едукација. Заедно ќе креираме нови генерации кои ги живеат и шират извидничките вредности. Заедно ќе го направиме извидништвото поатрактивно и подостапно за сите.

Владимир Костовски,
Генерален Секретар на СИМ



СОДРЖИНА:

1. Членство
2. Раст и развој на организација
3. Национални активности
4. Публикации
5. Програми
6. Градење на капацитети
7. Интернационални активности
8. Национлани процеси
9. Комерцијални активности
10. Проекти
11. Буџет на СИМ 2022 година
12. Галерија

1. ЧЛЕНСТВО:

ПЕЛАГОНИЈА
1.ИО ФЕНИКС - ПРИЛЕП
2.ИО КОМПАС - БИТОЛА
3.ИО. СКАУТ ПЕЛИСТЕР - БИТОЛА

ВАРДАРСКИ РЕГИОН
4.ИО ДИМИТАР ВЛАХОВ - ВЕЛЕС
5.ИО АВАНТУРИСТ - КАВАДАРЦИ

ИСТОЧЕН РЕГИОН
6.ИО ЕКВИНОКС - ШТИП
7.ИО ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ - СВЕТИ НИКОЛЕ
8.ИО ЛАСТОВИЦА - КОЧАНИ
9.ИО АРМОНИЈА - ВИНИЦА

СЕВЕРОИСТОЧЕН РЕГИОН
10.ИО СКАУТ-КУМАНОВО
11.ИО НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ - КРИВА ПАЛАНКА

ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН
19.ИО МИРКО МИЛЕСКИ-КИЧЕВО
20.ИЕО ПИОНЕР-ОХРИД
21.ИПО КРСТЕ ЈОН-СТРУГА

ПОЛОШКИ РЕГИОН
22.ИО КАЛКАН-ТЕТОВО

ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН
23.ИО МЛАДОСТ-ВАЛАНДОВО

СКОПЈЕ
12.ИПО СИДРО
13.ИО ПСИО
14.ИПО ЈАДРАН
15.ИПО ГАЛЕБ
16.ИО М.М БРИЦО
17.ИО БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ
18.ИО ДАМЕ ГРУЕВ





2. ОРГАНИЗАЦИСКИ РАСТ И РАЗВОЈ:

Во Сојуз на извидници на Македонија, во 2022 година активни во својот придонес и работа беа следните тела: Старешинство на СИМ (Управен Одбор), Биро на СИМ (Оперативно тело), Надзорен Одбор, Управен Одбор на Извидnички Центар Охрид, како и извршната канцеларија односно Секретаријатот на СИМ. Сите тела организираа редовни работни средби согласно Статутот и Деловниците за работа на телата на СИМ.

Во текот на оваа година беа креирани и голем број на политики и правилници за работењето и управувањето во СИМ од кои само дел се: Етички кодекс на СИМ, Правилник и политика за безбедност во извидништвото, Политика за диверзитет и инклузија во СИМ и сл., а интензивно се работеше и на ревизија на постоечки деловници и документи, како и истражување на практики за подобрување .

Дополнително, оваа година во месец март беше извршена и ревизија на работата на СИМ од страна на Светската извидничка организација (WOSM), во која беа испитани програмското, финансиското, административното и одржливо работење на Сојузот - под називот GSAT - GLOBAL SUPPORT ASSESSMENT TOOL TOWARDS QUALITY SCOUTING.

На оваа ревизија, СИМ беше оценет со 74,6%, што иако е одлична оценка за работењето на една организација од овој тип, потребни се дополнителни подобрувања, на кои се работеше до крајот на годината.

Димензии по кои се оценува работата	GSAT 2016	GSAT 2022
Димензија 1: Работење на СИМ во склад со WOSM	100 %	83,33 %
Димензија 2: Рамка за управување	74,4%	85,71 %
Димензија 3: Стратешка рамка на организацијата	72,2%	80,56%
Димензија 4: Менаџмент на интегритет	8,3%	66,67%
Димензија 5: Комуникации, застапување и јавна слика	71%	81,48%
Димензија 6: Менаџмент на возрасни во извидништвото	58%	69,23%
Димензија 7: Финансиска контрола и алокација на средства	84%	75,76%
Димензија 8: Младинска програма	79%	87,50%
Димензија 9: Потенцијал за раст	66%	60,00%
Димензија 10: Континуирано подобрување	37%	55,56%

Во Сојуз на извидници на Македонија, секогаш кога има можност се приоретизира градење на капацитетите на волонтерите и вработените лица, па така оваа година СИМ преку своето членство беше активен на многубројни локални, национални и интернационални обуки и семинари. За градење на капацитетите на младите - волонтери во СИМ ќе станува збор подоцна во извештајот.

Во оваа конотација важно е да се напоменат тренинзите на кои присуствуваа членовите на Секретаријатот, со цел стекнување знаења за понатамошен развој на СИМ и заедницата. Па така, во месец март, член од Секретаријатот посети повеќедневен тренинг за Диверзитет, инклузија и човекови права во организациското работење.

Дополнително, друг член активно присуствуваше на повеќемесечна обука за работници за млади, а стекнатите знаења од обуката имаат за цел да придонесат во афирмација на неформалното образование во општеството преку создавање на сигурни простори и атрактивни програми за млади. Посетени беа и обуки за проектно пишување и финансиско и правно работење со и во граѓански организации, како и едукативен форум за комуникации и екстерна комуникација во организациско работење.

Членовите од телата на СИМ вклучени во секојдневното програмско функционирање - Старешинството, Секретаријатот и бирото на СИМ во почетокот на месец декември учествуваа на работен викенд во Крива Паланка каде работеа на терен со локалните извиднички единици и работеа на планирање и делегирање на идни активности и процедури.

Типологија на документи создадени во 2022, во насока на развој на СИМ	Количина
Кодекс	1
Правилник	1
Процедура	1
Политика	2
Методологија	1
Регистар	1
Тренинг рамка	1
Стратегија	2

3. НАЦИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ:

РЕДОВНО СОБРАНИЕ

На 15.05.2022 Сојуз на извидници на Македонија го одржа своето редовно годишно собрание, со делегати од сите одреди - членки на Сојузот. На ова редовно Собрание, беа презентирани извештаите од работата на СИМ и ИЦО, а Генералниот Секретар направи осврт на сите активности во 2021 и ги испрезентира тековните и идните активности. Дополнително го зголемивме нашето членство преку изгласување на 3 нови придружни членки а 1 извиднички одред доби статус на полноправна членка во Сојузот.



22.02 ДЕН НА ИЗВИДНИЦИТЕ

По повод роденденот на основачот на извидничкото движење, Лорд Роберт баден Пауел, традиционално во нашата држава, во месец февруари се организираат низа настани за истакнување на вредноста и влијанието на извидниците во локалната и национална заедница. Оваа година беше спроведена програма под називот "Херои на заедницата" и ги опфати следните активности:

- Традиционална кампања "Направи добро дело" :

Извидничките одреди на свој начин прават добри дела, односно враќаат на заедницата во која делуваат.

- Уметнички конкурс "Зошто сум извидник?"

Извидниците ги истакнуваат како извидништвото ги променило или подобрило преку создавање на уметнички, литературни или мултимедијални уметнички дела

- Крводарителска акција

Роверите, ветераните, поранешните извидници и пријателите на извидниците ја покажуваат својата хуманост на дело преку донирање на крвни единици

- Централен настан "Херој на заедницата"

Унифицирана рамка на активности која се спроведува во секој регион и град со извиднички одред, на ист ден во истата временска рамка.

- "Осветли ја планината"

Ноќно искачување на планина спроведено во повеќе градови од страна на истражувачите, роверите и ветераните од извидничките одреди.

ДЕН НА ИЗВИДНИЦИТЕ

644
НАПРАВЕНИ ДОБРИ ДЕЛА

+700
ИЗВИДНИЦИ

+100
СОБРАНИ КРВНИ ЕДИНИЦИ

6
ЕКО - АКЦИИ

17
ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕДИ

5
ТЕМАТСКИ ОБЛАСТИ

5
ОСВОЕНИ ВРВОВИ

3
ПРИНЦИПИ

1
МИСИЈА

ЦЕЛ
1

ЛЕТЕН КАМП

Летниот камп во 2022 година се одржа во месец јули, од 18ти до 24ти, во Извиднички Центар Охрид. Повеќе од 150 извидници од речиси сите извиднички одреди ширум земјава учествуваа во кампот под симболиката "пат околу светот". Тие добија прилика да се запознаат со културата, игрите што традиционално се играат на различни континенти и притоа да научат за нивните традиции, разменуваа валути и научија за вредноста на парите преку купување на јадења типични за тој континент, а притоа ја почуствуваа и разликата во цени, се забавуваа, добија прилика да се изразат уметнички преку сликање мурали, пишување песни, создавање автентични маски и сл.

Овогодинешната програма за нашите извидници придонесе кон отварање на видиците на учесниците кон светот и различностите, а притоа учење многу и за сопствената.

За време од 7 денови успеавме да посетиме 7 континенти преку сите забавни и едукативни активности. На крајот од нашето патување заедно дадовме свечен извиднички завет.

Волонтерите вклучени во програмскиот тим на летниот камп беа новите водачи кои успешно ја завршија школата за водачи 2022 и имаа можност практично да се усовршат.

ЛЕТЕН КАМП 2022

Присутни извидници од речиси сите ИО во СИМ

+150

7

Посетени континенти ширум светот, од удобноста на ИЦО

Спроведени работилници

+30

20

Волонтери со помината ШЗВ, сега со развиени организациски капацитети

ДРЖАВЕН ИЗВИДНИЧКИ ОРИЕНТАЦИОНЕН НАТПРЕВАР 2022

Традиционално и оваа година се одржа нашиот долгоочекуван Државен Извидnички Ориентационен Натпревар (ДИОН) 2022. Ова издание на ДИОН се одржа во с. Ваташа, Кавадарци, со ИО Авантуристи како домаќини.

Во тие 4 дена натпреварување учество земаа 14 екипи вкупно, поделени во две категории (извидници и истражувачи / ровери) кои си ги измерија силите, знаењата и вештините на повеќе полиња и дисциплини, како:

-цртање на извиднички материјали,
-ориентација и топографија,
-прва помош и заштита,
-извидништво,
-сигнализација,
-бивакување и пионерство.

Овој пат во категорија извидници најуспешни беа екипите:
3. Експресо (ИПО Сидро)
2. ПСИО клуб (ПСИО)
1. Леопарди (ПСИО)

Во категорија истражувачи/ровери најдобро се покажаа:
3. Телетабиси (ИО Еквинокс)
2. Тирамису (ИПО Јадран)
1. Архитект (ИО Скаут)

08.10.2022 - 11.10.2022

ВАТАША, КАВАДАРЦИ

4 ДЕНОВИ НАТПРЕВАРУВАЊЕ ЗА ЧЕТИРИТЕ КАТЕГОРИИ НА ЧЛЕНСТВО ВО СИМ: РАЗВИГОРЦИ, ИЗВИДНИЦИ, ИСТРАЖУВАЧИ И РОВЕРИ

6 ЕКИПИ, ОПРЕМНИ ДА ГИ ИЗМЕРАТ СИЛИТЕ И ДА СЕ ИЗБОРАТ ЗА ПЛАСМАН

14 ДИСЦИПЛИНИ ВО КОИ ЕКИПИТЕ ГИ МЕРЕА ЗНАЕЊАТА: ЦРТАЊЕ ИЗВИДНИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ, ОРИЕНТАЦИЈА И ТОПОГРАФИЈА, ПРВА ПОМОШ И ЗАШТИТА, ИЗВИДНИШТВО, СИГНАЛИЗАЦИЈА И БИВАКУВАЊЕ И ПИОНЕРСТВО

+45 ЧАСА ПОМИНАТИ ВО ОЦЕНУВАЊЕ И ПРЕГЛЕДУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИ

34+ КИЛОМЕТРИ ВО ПРОСЕК, ОД ЕКИПА, ПОМИНАТИ ЗА ОВОГОДИНЕШНОТО НАТПРЕВАРУВАЊЕ

5 ОДРЕДИ ШАМПИОНИ ВО РИОН И РАПИ, СООДВЕТНО

4. ПУБЛИКАЦИИ:

БИОДИВЕРЗИТЕТ

Во склоп со програмата за биодиверзитет и жолтата кутија, во рамките на проектот Earth Tribe - Семејство за заштита на планетата Земја, беше сработена публикација од страна на Сојуз на извидници на Македонија, наменета за сите категории на членство во СИМ, под името „биодиверзитет и заштита на животната средина" која може да се користи како водилка за активности поврзани со темата во периодот кој следи!



Се состои од едукативен дел за важноста на екосистемите и нивното зачувување и дополнителни 5 програмски области кои опфаќаат различни активности во обид да се зголеми сеопфатноста на програмата, а истите може да бидат имплементирани на меѓуодредски, одредски или патролни состаноци.

ПРВА ПОМОШ И ЗАШТИТА

Како завршен дел од програмата за Прва Помош и Заштита беше сработена и публикација од страна на Сојуз на извидници на Македонија, наменета за сите категории на членство во СИМ. Целта на овој ППЗ прирачник е да се користи како единствено место каде може да се најдат информации поврзани со ППЗ а потребни за извидничките натпревари, активности поврзани со темата, помош при реални ситуации како и предлог активности кои може да ги имплементираат патролите.



Се состои од едукативен дел за важноста на првата помош и заштитата, начини на санирање на повреди, предлог активности и најважни користни информации за практикување на работите во вистински ситуации.

ИНФОРМИРАЊЕ

ШАТОРЧЕ МАГАЗИН

Како иновативен начин за пренесување на тековната програма од страна на СИМ до одредите, комесаријатот за програма продолжи со подготовка на сезонското списание Шаторче, извидничко списание кое се состои од 15тина рубрики, а истите опфаќаат: предлог активности за одредите, пријатели на извидниците, месечно освежување, извиднички времеплов и многу други. Во текот на 2022та година беа издадени 3 дигитални изданија.



5. ПРОГРАМИ:

EARTH TRIBE

Во времетраење од 9 месеци, во рамките на проектот Earth Tribe – Семејство за заштита на Планетата Земја, беа опфатени 20 млади - активни чинители во своите локални заедници од различни региони ширум државата. Овие млади во периодот од крајот на месец април па се до почетокот на месецот ноември поминаа низ уникатен циклус на учење кој се состоеше од едукативен камп во природа, тренинг за градење на меки вештини и капацитети и дисеминација на програмата во локалните заедници. За потребите на програмата беше креиран и програмски ресурс - Жолта кутија, кој се состои од прирачник за спроведување активности во природа на тема биодиверзитет и заштита на животната средина и реквизити потребни за спроведување на наведените активности во прирачникот.

АКТИВНОСТИ ОПФАТЕНИ ВО ПРОГРАМАТА ЗА БИОДИВЕРЗИТЕТ

1

Едукативен камп на планината Јабланица





2

Тренинг за градење капацитети на млади





3

Подготовка на програмски ресурс



4

Имплементација на програмата во локалните заедници





БИОДИВЕРЗИТЕТ

преку бројки

5 волонтери

13 младински локални иницијативи

9 месечна програма

250+ деца и млади вклучени во програмата

20 обучени истражувачи/ровери

1 програмски пакет

9 одреди

2 обуки за градење капацитети

1 остварена соработка

ПРВА ПОМОШ И ЗАШТИТА

Во месец ноември и декември, како дел од програмата за прва помош и заштита, беше имплементирана серија на активности чија цел беше да придонесат во едукацијата на членството на темата. Како дел од програмата, спроведени беа 3 регионални - едукативни средби во Скопје, Штип и Битола, со цел да се зголеми достапноста на програмата до целото членство. Покрај средбите, во рамките на програмата беше спроведен и тренинг викенд во Извидничкиот Дом Градовци, каде учесниците имаа можност да ги прошират стекнатите знаења од областа. Дополнително, беа подготвени и објавени дигитални едукативни лекции од областа со цел опфаќање и на темите на кои помалку се обрнува внимание во едукацијата за ППЗ, а беше подготвен и прирачник за прва помош и заштита.

АКТИВНОСТИ ОПФАТЕНИ ВО ПРОГРАМАТА ЗА ПРВА ПОМОШ И ЗАШТИТА

1

3 регионални работилници за ППЗ





2

Тренинг - викенд за повреди и нивна превенција





3

Прирачник за Прва Помош и Заштита



4

Едукативни натписи за ППЗ и документ со предлог активности



ППЗ ПРОГРАМА

преку бројки

ППЗ ПРОГРАМА

3 регионални работилници

55 завои за вежбање

15 волонтери

1 школа за ППЗ

фотографии 1000+

90+ обучени истражувачи/ровери


12 одреди

кандидати за инструктори 2

6. ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ:

ШКОЛА ЗА ВОДАЧИ

Оваа година 27 извидници, членови на 10 извидnички одреди од Скопје, Прилеп, Штип, битола, Кавадарци, Охрид, Кичево, Кочани и Свети Николе успешно ја завршија школата за водачи. Практикувајќи го извидничкиот метод на работа, новите водачи ги изучија основите на извидништвото, карактеристики на развигорци и извидници, како и карактеристики на еден успешен лидер; учеа да регрутираат нови членови и да ја промовираат својата работа, но се стекнаа и со основни комуникациски вештини, како и вештини за менаџирање конфликти. Покрај тоа што вежбаа да структурираат патролен состанок, тие изработуваа и годишни програми, но и ги пилотираа истите со групи од Извиднички Центар Охрид преку кои 100тина деца се запознаа со извидничката организација.



ПАПАДИМИТРОВ П.

ШКОЛА ЗА ВОДАЧИ

Покрај тоа што вежбаа да структурираат патролен состанок, тие изработуваа и годишни програми, но и ги пилотираа истите со групи од Извиднички Центар Охрид преку кои 100тина деца се запознаа со извидничката организација. Набиената агенда што ја предвидува Школата овозможи и културолошки хајк низ живописниот Охрид во мешани патроли со извидници од Белгија, учејќи за интернационалата димензија на извидништвото преку креативни предизвици и тимска работа.

Школата за водачи е уникатна програма која е составена од теоретска настава и практична работа преку волонтирање на летни кампови и е дел од тренинг рамката на организацијата, чија цел е градење на капацитети на млади за имплементирање едукативни програми согласно вредностите на извидничката организација.



ИНСТРУКТОРСКА ШКОЛА (WOOD BADGE)

Како највисок степен на едукација, согласно програмата на Светската извидничка организација и Сојузот на извидници на Македонија е инструкторската Woodbadge школа. 102 години од првата обука во Гилвел, вредностите на извидниците сè уште се негуваат и пренесуваат од генерација на генерација, а истото се докажа и на школата спроведена во 2021, на која активно учество земаа 30 извидници од раководни функции во Сојузот и одредите.

Во текот на 2022 година од страна на учесниците беа спроведени голем број на проекти, и тоа национални активности, политики, правилници и слично. Па така, од спроведените проекти, на 30.10.2022 и на 18.12.2022, следниве кандидати за инструктори успешно ги одбранија своите инструкторски проекти и се здобија со називот инструктори од прв/втор степен.

НОВИ ИНСТРУКТОРИ ОД ВТОР СТЕПЕН ВО 2022 ГОДИНА



БЛАГОЈЧЕ СЕКУЛОСКИ



СЛОБОДАН ЈАНЕВСКИ

НОВИ ИНСТРУКТОРИ ОД ПРВ СТЕПЕН ВО 2022 ГОДИНА


ДАРКО ТОШИЌ


МАРЈАН ТОДЕВ


МАРЈАН ГЛАВИНЧЕВСКИ


МАРТИН ГОЛЧЕВ


АНА МОСКОВА


СВЕТЛАНА ЛУКАНОВСКА


ЈАНЕ ПЛАВЕВСКИ


ТИНО АНГЕЛОВ


ЕЛИСАВЕТА ЛУКАНОВСКА


ИВАН ГУШЕВ


СИМЕОН АНГЕЛОВ


СРНА МАЈСТОРОВИЌ


АНАСТАСИЈА КОСТОВСКА


МАЈА Ј. ПАНКОВСКА


ВЛАДИМИР КОСТОВСКИ


МАРИЈА МУРОВА


ОГНЕН СТЕФАНОВСКИ


ЈАНЕ ИЛИЈЕСКИ

ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ
СОЈУЗ НА ИЗВИДНИЦИ НА АЛБАНИЈА

Взаемната почит и соработка меѓу сојузите на балканот и општо југоисточна Европа секогаш била на завидно ниво. Оваа година дополнително ја зајакнавме преку поддршка на развојот на уште еден член во оваа група сојузи - Сојуз на извидни-ци на Албанија. СИМ заедно со Сојуз на извидници на Црна Гора се наоѓаат во улога на ментори и партнери на извидниците од Албанија за нивен одржлив раст и развој како организација, преку проектот SYSPUC и надвор од него. Преку организирање на тренинзи како и поддршка во почетокот на нивната работа СИМ помага во активностите за проширување на извидничкото движење во регионот.

СИМ во последниве години постојано го докажува својот напредок во градење на капацитетите и квалитетната едукација и во повеќе наврати бил повикан да одржи едукативни сесии или да биде дел од презентациите на добри практики на настани низ Европа.

Тренинзите во Албанија се одржаа согласно нашата тренинг рамка и добри практики и беа спроведени од страна на тим од обучени тренери. СИМ имаше огромна чест да биде препознаен од страна на Европски Извиднички Регион како организација која е успешна во имплементација на своите тренинзи и подготвена да даде поддршка на своите соседи. Преку вакви и слични активности Сојузот зазема значајна улога во промоција и проширување на извидништвото.

7. ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ:

Во интернационални активности спаѓаат оние активности кои нашите членови ги посетуваат надвор од државата или во кои учесници се и извидници од други извиднички сојузи. Нивната улога во развојот на извидништвото во нашата земја е многу значајна поради постојаната меѓусебна инспирација на учесниците, размена на добри практики, споделување на нови техники и начини на имплементација на програми, како и постојаното практикување на толеранција и прифаќање на сите различности за време на овие настани.

Оваа година бевме доста активни на интернационално ниво. Остваривме соработки со многу сојузи од Европа и светот, ги зајакнавме постоечките и креиравме нови партнерства, како и учествувавме на интернационални настани од различен карактер. Некои од настаните имаа за цел вмрежување меѓу извидниците, запознавање на нови култури и начини на практикување на извидништвото, некои имаа класичен едукативен карактер (тренинзи за комуникација, застапување, диверзитет и инклузија и слично), а други пак имаа сериозна и значајна улога во стратешкото планирање на работата на нашиот и општо сите извиднички сојузи во Европа.

Како дел од нашите интернационални програми, тренинзи и најразлични проектни и програмски настани, повеќе од 100тина извидници од СИМ имаа можност да земат учество во интернационални настани.

Како најзначајни настани оваа година се издвојуваат Европскиот Извиднички Симпозиум и Европската Извиднička Конференција. Ова се настани кои се случуваат на секои три години и имаат цел креирање на стратешки план за работа на сојузите во Европски Регион кој одговара на нивните реални потреби и состојби.

За време на Симпозиумот учество земаа извидници на водечки позиции во своите сојузи кои заедно го креираа Регионалниот Извиднички План за периодот 2022-2025. Преку заедничка работа се одредија стратешките приоритети и области на кои Регионот (а и СИМ) ќе се посвети во следните три години, објаснети во регионалниот план за 2022-2025, а тие се: Организациска отпорност, Образовни методи и Еколошка одржливост.

На доработка на овој план како и на други значајни прашања се работеше за време на Европската Извидничка Конференција која следеше 4 месеци по Симпозиумот. На конференцијата СИМ во терминот за презентација на добри практики беше повикан да го испрезентира својот раст и развој во периодот од 2017 до 2022 (преку Growth Potential Project и надвор од истиот) и заедно со извидниците од Црна Гора и Албанија го презентираше новиот проект SYSPUC (Strengthening Youth Spaces and Participation of Underrepresented Communities) со времетраење од 2022-2024.

Дополнително овие настани делегацијата на СИМ ги користеше за зацврстување на своите постоечки партнерства и соработки со одредени сојузи меѓу кои сојузите на Германија и Франција како и сојузите од Југоисточна Европа.

Преку најразлични проектни активности и постојана комуникација ја зајакнавме соработката со извидниците од Франција и Германија. Соработката продолжува и во 2023 со третата фаза од тринационалниот проект Hallo/Salut/Zdravo Europe кој ќе се одржи за време на смотрата во Крушево. Освен тоа, продолжуваме со праксата за ангажмани на француски волонтери во канцеларијата на СИМ, кои овозмо-жуваат постојана блиска соработка со групи на нивни извидници преку целата година.

Освен тоа како и секогаш ја зацврстуваме соработката со сојузите од Балканот и Југоисточна Европа. Преку партнерства на проекти, взаемна помош и поддршка, соработка при процесот на организациски развој на самите сојузи како и посетата на смотри и настани го зајакнуваме извидничкото движење во нашиот регион и создаваме нови можности за нашето членство.



ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ:

- IC ФОРУМ
  (ОНЛАЈН НАСТАН, ФЕВРУАРИ)
- ЕВРОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ СИМПОЗИУМ
  (МАРТ, КАНДЕРШТАГ)
- ЕВРОПСКА ИЗВИДНИЧКА КОНФЕРЕНЦИЈА
  (ЈУЛИ, РОТЕРДАМ)
- 6ТА СМОТРА НА СОЈУЗ НА ЦРНА ГОРА
  (АВГУСТ, ГРАХОВО)
- ТРИНАЦИОНАЛЕН КАМП
  (АВГУСТ, ЈАМБВИЛ)
- МОЌТА НА ЕДУКАЦИЈАТА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
  (МАЈ, КАНДЕРШТАГ)
- ТРЕНИНГ ЗА ТРЕНЕРИ ЗА ДИВЕРЗИТЕТ И ИНКЛУЗИЈА
  (МАРТ, БЕЛГРАД)
- 100 ГОДИНИ ИЗВИДНИШТВО ВО ФРАНЦИЈА
  (АПРИЛ, ЈАМБВИЛ)
- ЕВРОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ ФОРУМ ЗА КОМУНИКАЦИЈА
  (ОКТОМВРИ, ВИЕНА)
- АГОРА 2022
  (АПРИЛ, ИЗВИДНИЧКИ ЦЕНТАР ОХРИД)
- ЕВРОПСКА ИЗВИДНИЧКА АКАДЕМИЈА 2022
  (НОЕМВРИ, ВИЛНИУС)
- РОВЕРСКА НЕДЕЛА
  (ДЕКЕМВРИ, КАНДЕРШТАГ)

Освен горенаведените настани, членови на СИМ учествуваа на проектни активности, состаноци со проектни партнери и работни викенди во Албанија, Франција, Ирска и Хрватска и одржаа безброј онлајн координативни состаноци со цел отворање нови можности за соработка и дружба помеѓу сојузите.

8. НАЦИОНАЛНИ ПРОЦЕСИ

Во 2021 година, Сојузот на извидници на Македонија беше препознаен како Младинска чадор организација согласно критериумите кои произлегуваат од законот за младинско учество и младински политики. Од тука, во 2022 се продолжи со учество во национални процеси во интерес на млади преку учество во различни работни групи, преку делување во организациите во кои членува и преку соработка со партнери.

МЛАДИНСКА РАБОТА

Сојуз за младинска работа е организација во која членува Сојузот на извидници на Македонија чија улога е препознавање на младинската работа, воспоставување на стандард за младинска работа и отварање на простори за млади согласно законот за младинско учество и младински политики. Преку сертифицирање на младински работник од програмата која ја имплементира Сојузот за младинска работа, СИМ ги исполнува сите услови за менаџирање на младински центри согласно капацитетите со кои располага и програмите кои ги имплементира. Во моментов, во 3 општини извидничките организации се вклучени во работата на општинските младински центри и дополнително работи во рамките на општина Центар при менаџирање на Младинскиот центар Матично и негово сертифицирање согласно законот.

МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

Национален младински совет на Македонија е младинско претставничко тело во кое Сојузот на извидници на Македонија активно делува од нејзиното формирање во 2013 година. Вклучени во управното тело, редовно се информираме за процеси поврзани со младинското учество, а со тоа и креираме насоки и превземаме акции за адресирање на постоечки потреби. Активно учествуваме во пролетните и есенските собранија на советот и во сите работни групи кои одговараат на нашето портфолио на дејствување. Дополнително, при крајот на 2022, станавме дел од Локалното младинско собрание на Град Скопје.

Во наредниот период, Сојузот ќе ги промовира можностите за вклучување на извидниците на локално ниво преку локалните младински совети во сите градови со активно членство со што ќе се зголеми учеството на извидниците во процесите на носење на одлуки во сите нивоа на одлучување.

Како друг позначаен процес во кој се вклучи СИМ со свои претставници е креирањето на Националната стратегија за млади. Членови на Секретаријатот на СИМ, активно го дадоа својот придонес и го споделија своето искуство, на вкупно 6 работни средби, на темите: Младинска работа, Младинско учество и Претприемништво и поддршка пред вработување. Учеството на СИМ во вакви процеси, како младинска чадор организација, овозможува активно вклучување на младите во донесување на одлуки од интерес за младите на локално и национално ниво.

9. КОМЕРЦИЈАЛНИ АКТИВНОСТИ

Сојуз на извидници на Македонија со своето екстензивно искуство во организирање на активности од забавно едукативен карактер и човечките ресурси со кои располага, за компаниите од приватниот сектор, во 2022 започна да нуди team building услуги. Во текот на оваа година Секретаријатот на СИМ осмисли база на активности кои самостојно ги организира и имплементира, а истите за компаниите придонесуваат кон вмрежување, дружење и подобро запознавање на вработените, зајакнување на тимските перформанси и тимската работа, градење на натпреварувачки дух и позитивна конкуренција, комуникација и подобро работење заедно, соработка и поттик на креативноста и многу повеќе. Самите активности се иновативни и се прилагодуваат врз основа на потребите и преференците на заинтересираните компании. Во изминатата година беа одржани повеќе од 10 активности од овој тип, низ кои беа мобилизирани 483 учесници.



10. ПРОЕКТИ

Сојуз на извидници на Македонија интензивно го продолжува и своето проектно работење со цел отворање нови можности за поддршка на имплементација на извидничката програма, поддршка на локални младински иницијативи, организирање на најразличнни настани за градење на капацитетите на членството и младите како и поддршка на процеси за раст и развој од организациски аспект.

Во 2022 година тековното проектно работење опфати работа на 6 проекти. Проектите се имплементираат согласно стратешките приоритети на организацијата и тоа: младинска програма, раст и развој на организација и подобрување на имиџ. Дополнително се работеше на програми за заштита на животната средина, одржливост и јакнење на волонтеризмот и активизмот преку соработка со локалните заедници. Покрај тоа, беа развиени 7 апликации кои не беа одобрени за финансирање.


Проект:	Цели, активности и резултати
Measuring Impact: with, for and by youth organisations	• креирање методологија и имплементација на истата во 6 држави за мерење на влијанието на извидништвото и придобивките од практикувањето на извидничкиот метод
SYSPUC- Strengthening Youth Spaces and Participation for Underrepresented Communities	• организациски раст и развој (креирање на политики за безбедност, за возрасни во извидништвото, стратегија за работа, ревизија на програмата за млади, ревизија на тренинг рамка и настани за градење на капацитетите на одредите и СИМ) • пристап до маргинализирани заедници и имплементација на извидничката програма • препознавање на извидничкиот метод на работа и неформалното образование на национално ниво

Проект:	Цели, активности и резултати
School Scouting	• препознавање на неформалното образование • креирање на месечни курикулуми за имплементација на извидничката програма во училишнивоннаставни активности • обука на наставници и креирање на иницијативни групи за отварање на нови извидници одреди
Earth Tribe	• 9 месечна програма за биодиверзитет и заштита на животната средина во 3 стадиуми • креиран програмски пакет со прирачник за еколошка едукација на млади • развиени капацитети и вештини на млади од цела држава • остварена соработка со НП Галичица
Боренка - Нацртај го твоето дрво	• акции за пошумување на опожарени подрачја и поттикнување на волонтерството • едукативни работилници и активности за подигнување на свеста за важноста на шумите, нивна заштита и превенција на шумски пожари • едукативни пакети за поттикнување на креативен активизам, преку цртање на дрво и посадување на истото во виртуелна шума
Млади Агенти на Промена	• поттикнување на активизам и волонтерство кај младите, средношколци нивна обука, обука на наставници од средните училишта • поддршка на мали локални иницијативи преку механизам на регрантирање и менторирање • креирање и имплементација на механизам за волонтирање во општините (Локални младински патеки) • креирање на механизам за препознавање на Општини-пријатели на младите и пилот имплементација во општините Центар, Куманово и Струмица
No Excuse	• фокусиран на анализа на работата на 6те најголеми младински организации во светот (нивната програма, методи за работе, менаџмент со волонтери, рамка на компетенции..) • анализа на документите на партнер организација од Словенија (No Excuse) и нивно водење низ процесот на идентификација на нивните методи и промени во нивната младинска програма согласно добрите практики од анализите на младинските организации

БУЦЕТ НА СИМ ЗА 2022

ПРИХОДИ

БУЏЕТСКА СТАВКА	СУМА
ПРЕНОС ОД 2021 ГОДИНА	1.528.517 ден
ЧЛАНАРИНИ	240.000 ден
КОТИЗАЦИИ	2.939.472 ден
КОМЕРЦИЈАЛНИ УСЛУГИ	788.529 ден
ПРОЕКТИ	4.597.520 ден
ПОВРАТОК НА СРЕДСТВА ПО РАЗНИ ОСНОВИ	2.303.000 ден
ВКУПНО ПРИХОДИ	**12.397.038 ден**



БУЏЕТСКА СТАВКА	СУМА
ЧЛАНАРИНИ ВО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ	70.553 ден
ПЛАТИ И ХОНОРАРИ	1.978.892 ден
РЕЖИСКИ ТРОШОЦИ	120.033 ден
ТРАНСПОРТ	241.480 ден
ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ	2.712.896 ден
ПРЕНОС НА СРЕДСТВА ПО РАЗЛИЧНИ ОСНОВИ	2.712.896 ден
ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ	2.810.510 ден
РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА	51.071 ден
ВКУПНО РАСХОДИ	10.744.124 ден

РАСХОДИ





НИЗ ОБЈЕКТИВОТ: СИМ ВО 2022




AFRICA














HOUSE






SCOUTS





















Извидник на годината

2022


SCOUTS
Създаваме подобар свят